# Издршката на децата:
## Дали досудената издршка ги задоволува потребите на децата?



Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените

**Автори:**

Стојан Мишев
Делфина Тодоровска

**Консултант и уредник:**

Деби Будлендер

**февруари 2024 година**

KVINNA KVINNA

Оваа публикација е целосно или делумно финансирана од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (SIDA) и Kvinna till Kvinna. SIDA и Kvinna till Kvinna не мора да се согласуваат со изразените мислења. Авторот е единствено одговорен за содржината.

## СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ........ 4
2. ГЛАВНИ НАОДИ И ПРЕПОРАКИ ........ 5
3. СТУДИИ НА СЛУЧАЈ ........ 12
3.1 СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ 1
Кога правдата доцни: Ограничена заштита и недоволна издршка ........ 12
3.2 СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ 2
Кога судот и институциите не штитат: Недоволна издршка и ранливост ........ 15

# 1. ВОВЕД

Подготовката на оваа анализа е дел од напорите на ЕСЕ за подобрување на пристапот до правда за жените што претрпеле семејно насилство. Основна цел на оваа анализа е да се утврди состојбата со досудувањето и плаќањето на издршката за децата, односно дали досудената издршка е е доволна за потребите на децата по разводот или разделбата и дали истата се плаќа од страна на сторителите на семејно насилство.

Оваа анализа е подготвена врз основа на искуствата на 30 жени кои претрпеле семејно насилство кориснички на услугите на Центарот за правна помош кои во 2023 година се обратиле за правен совет и поддршка за решавање на проблемот со издршката за децата по разводот или разделбата. Основа за подготовка на анализата е прашалник составен од 78 прашања поделени во три главни области:

- демографски податоци и карактеристиките на двајцата родители што се важни за утврдување на висината на издршката, како што се работниот статус, имотната состојба, обврските за издржување на други членови на семејството и други;
- податоци поврзани со разводот или разделбата, текот и епилогот на судската постапка за определување на издршката, задоволството од досудената издршка и дејствијата кои ги преземаат жените во случај на неплаќање на издршката;
- податоци за трошоците на жените и условите за живот на децата пред и по разводот или разделбата, како основа за утврдување дали висината на досудената издршка овозможува задоволување на едукативните, рекреативни, воннаставни и други потреби на децата.

Ова претставува трет документ од ваков тип што обезбедува податоци за различни прашања кои се од значење при определувањето на издршката за децата. Наодите од оваа анализа ги користиме за нагласување на потребата за подобрување на судската практика за досудување на издршката во согласност со потребите на децата, како и воспоставување на ефективен механизам за наплата на неплатената издршка.

Наодите покажуваат дека постои значителен јаз меѓу реалните потреби на децата и поддршката што реално се добива преку судска издршка. Жените, како главни носители на родителските и финансиските одговорности, често се приморани да ги покриваат сите трошоци сами, при што издршката од поранешниот партнер или не постои, или е нередовна и недоволна.

Истражувањето служи како основа за креирање на конкретни препораки за институционални подобрувања – од пресметка и наплата на издршката, до воведување системска поддршка за еднородителските семејства. Во контекст на правата на детето и социјалната правда, потребно е итно редизајнирање на системот со цел да се обезбеди достоинствен и еднаков почеток за секое дете, без оглед на брачниот статус на неговите родители.

# 2. ГЛАВНИ НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

Овој дел ги сумира клучните наоди од истражувањето за 2023 година за влијанието на разводот или разделбата врз економската положба на жените и квалитетот на живот на децата, особено преку призмата на досудената и исплатената издршка. Податоците откриваат системски слабости во механизмите за определување и наплата на издршката, недоволна поддршка за жените и отсуство на функционални заштитни мерки за децата. Анализата ги обединува заклучоците во четири тематски области:

## 2.1 ЕКОНОМСКА РАНЛИВОСТ НА ЖЕНИТЕ ПО РАЗВОДОТ ИЛИ РАЗДЕЛБАТА

По разводот или разделбата, жените се соочуваат со зголемена економска ранливост, што значајно влијае врз нивната способност да ги задоволат потребите на децата. Податоците покажуваат дека иако дел од жените успеваат да обезбедат вработување, тоа најчесто е во неформалната економија или на нископлатени работни позиции. Токму овие економски услови ги ограничуваат нивните финансиски капацитети и ја намалуваат нивната финансиска независност.

По разводот, бројот на формално вработени жени благо се зголемува (од 20 на 23), но дел од нив (4 од 27) работат во неформални ангажмани со месечни приходи под минималната плата (7.500–15.000 денари), што директно укажува на економска несигурност. Во исто време, невработени остануваат 3 жени. Најголемиот дел од жените кои работат заработуваат од 15.000 до 30.000 денари (17 од 27), што е под просечната плата, додека само една жена заработува над 45.000 денари. За споредба, дури пет поранешни партнери заработуваат повеќе од 60.000 денари месечно, а 6 од нив од 30.001 до 45.000 денари. Дополнително, 19 од 30 жени сметаат дека поранешниот партнер има и неевидентирани приходи, што укажува на потенцијал за повисока судска пресуда за издршка.

Разликите не се сведуваат само на месечните приходи – само 8 жени поседуваат личен имот, додека 22 немаат никаква сопственост. За споредба, 14 поранешни партнери поседуваат личен имот, а кај дополнителни 15 не постојат информации. Тоа ја потврдува родовата нееднаквост и укажува на ограничен пристап на жените до сигурно домување и економска стабилност по разводот.

Во однос на државната поддршка, 8 жени кои не користеле социјална парична помош пред разводот поднеле барање по разделбата, меѓу нив дури и жени кои се формално вработени или во неформалната економија. Само две жени го оствариле правото, една невработена и една неформално вработена. Ова укажува на строги критериуми за остварување на правата и отсуство на функционален систем за поддршка дури и за најранливите категории.

Дополнителна ранливост носи и законската обврска за издржување на деца од претходен брак. Кај жените, 6 имаат обврска за издржување на едно или две деца од друг брак или врска, додека кај мажите таква обврска имаат 3 партнери. Овие обврски дополнително ги оптоваруваат жените, кои и онака се соочуваат со ограничени ресурси и самостојна грижа за децата.

Овие податоци потврдуваат дека жените по разводот остануваат економски поранливи од поранешните партнери, со ограничен пристап до вработување, имот и државна поддршка. Оваа

состојба директно влијае на способноста за покривање на трошоците за децата и обезбедување стабилна животна средина.

***Економска ранливост***

***Вработеност:***

- 10 жени биле невработени пред разводот → по разводот:
- 7 жени се вработиле (3 во формална, 4 во неформална економија)
- 3 жени останале невработени
- 4 од 27 жени работат во неформална економија со примања под минимална плата

***Приходи:***

- 17 од 27 жени заработуваат 15.001–30.000 денари
- Само 1 жена има приход над 45.000 денари
- 3 жени се целосно без приходи
- За споредба, 5 поранешни партнери имаат приходи над 60.000 денари

***Имотна состојба:***

- Само 8 од 30 жени поседуваат личен имот
- 22 жени немаат никаква сопственост
- За споредба, 14 поранешни партнери поседуваат имот

***Пристап до социјална помош:***

- 8 жени поднеле барање по разводот
- Само 2 жени добиле социјална помош (1 невработена, 1 неформално вработена)
- Законска обврска за издржување други лица:
- 6 жени имаат обврска за издржување на други деца
- Кај мажите – 3 такви случаи

## ПРЕПОРАКИ:

- **За економско зајакнување на жените**, потребно е обезбедување на финансиска и техничка поддршка преку грантови, обуки и програми за самовработување и (ре)вработување, со фокус на жени без имот, со ниски приходи или вклучени во неформалната економија, особено оние кои самостојно се грижат за децата по разводот или разделбата.
- **За пристап до финансиска поддршка**, неопходно е ревидирање на сите права од областа на социјалната парична помош и на критериумите за нивно остварување, со цел експлицитно препознавање на жените кои претрпеле семејно насилство како приоритетни и самостојни корисрнички, независно од приходите и имотната состојба на поранешниот партнер или поширокото семејство.
- **За намалување на економската нееднаквост**, потребно е развивање на програми за поттикнување на сопственост (на пр. преку субвенционирано домување, заеми за купување имот или пренос на заеднички имот), со цел обезбедување на трајна економска стабилност и независност на жените по разводот.
- **За поправедно утврдување на издршката**, потребно е судовите да имаат обврска да ги земат предвид и скриените/неформални приходи на поранешниот партнер, како и да бараат целосна изјава за имотната и приходната состојба при секоја одлука за издршка, со цел реална проценка на економската моќ.

## 2.2 НЕРЕШЕНО ДОМУВАЊЕ И ЗГОЛЕМЕНИ ЖИВОТНИ ТРОШОЦИ ПО РАЗВОДОТ ИЛИ РАЗДЕЛБАТА

По разводот или разделбата, значителен број жени доживуваат сериозни промени во условите за живеење, што во најголем дел се придружени со влошување на економската сигурност, зголемени животни трошоци и намалена станбена стабилност. Промените во сопственоста и видот на живеалиштето, комбинирани со ограничени приходи, создаваат финансиски јаз кој значајно го оптоварува секојдневието на жените.

Најголем дел од жените (46,7%) по разводот живеат во дом во сопственост на нивните родители, што укажува на тоа дека речиси половина се враќаат во примарното семејство како финансиски најодржлива опција. Само 26,7% од жените живеат во сопствен дом, што покажува дека мал дел од нив успеале да задржат или стекнат сопствен простор за живеење. Останатите жени се соочуваат со нестабилни или зависни решенија: 16,7% живеат под кирија, а 10% остануваат во заедничка сопственост со поранешниот партнер – состојба што носи и економска и емоционална несигурност.

Дополнително, се забележува и намалување на бројот на жени кои живеат во куќа (од 24 на 19), со истовремено зголемување на оние што живеат во стан (од 6 на 11). Промената во типот на живеалиште и бројот на соби укажува на намалување на животниот простор, често резултат на финансиски компромиси. Иако најчесто домаќинствата се со 3 до 5 члена, промените во распределбата на кревети и соби сугерираат адаптација на помал простор и пренаселени услови на живеење.

Трошоците за живот по разводот се значајно високи и најчесто ја надминуваат заработувачката моќ на жените. Просечниот месечен трошок изнесува 35.317 денари, додека најголем дел од жените (56,7%) заработуваат помеѓу 15.001 и 30.000 денари. Само 6 жени имаат приходи над 30.000 денари, а 3 жени немаат никакви приходи. Ова укажува на хроничен финансиски дефицит, особено кога ќе се земат предвид трошоците за храна (просечно 13.600 денари), режиски трошоци (6.431 денари), останати потреби (3.886 денари) и во одредени случаи станбен кредит (просечно 11.400 денари). Дури и без трошоци за станбен кредит, повеќето жени се принудени да прават компромиси кои директно влијаат врз нивната самостојност, квалитетот на живот и благосостојбата на децата.

Овие податоци недвосмислено ја потврдуваат потребата за структурна поддршка – во форма на пристапно домување, субвенции или ваучери за животни трошоци – како и правна заштита за обезбедување независен и одржлив живот по разводот.

***Домување и трошоци по разводот***

***Домување по разводот:***

- 46,7% од жените живеат во дом на родителите
- 26,7% живеат во сопствен дом
- 16,7% живеат под кирија
- 10% остануваат во заеднички имот со поранешен партнер

***Тип на живеалиште:***

- Куќи: намалување од 24 → 19
- Стани: зголемување од 6 → 11

***Трошоци по категории (просечно):***

- Храна: 13.600 денари
- Режиски трошоци: 6.431 денари
- Останати трошоци: 3.886 денари
- Станбен кредит (5 жени): 11.400 денари

– Вкупно: 35.317 денари месечно
– 83,3% од жените имаат приходи пониски од оваа сума

## ПРЕПОРАКИ

- **За решавање на проблемот со домувањето**, потребно е развивање на програми за субвенционирано домување наменети за жени по разводот или разделбата, со приоритетен пристап до социјални станови, како и финансиска поддршка за покривање на трошоци за кирија или кредит во првите 1–2 години по разводот.
- **За намалување на животните трошоци и поддршка на самохрани домаќинства**, неопходно е воспоставување на државен фонд за финансиска поддршка на жените и децата по разводот, кој ќе покрива дел од основните месечни трошоци (храна, сметки, хигиена). Дополнително, да се воведат локални програми за поддршка во натурална форма (прехранбени пакети, помош за сметки).
- **За поддршка на самостојно живеење и благосостојба**, потребно е обезбедување на психо-социјална поддршка и менторски програми за жени кои се враќаат во родителскиот дом или живеат во преодни решенија, со цел стабилизирање на секојдневниот живот и создавање услови за независност.

## 2.3 НЕЗАДОВОЛЕНИ ПОТРЕБИ НА ДЕЦАТА

Разводот значително влијае врз условите за живот на децата, рефлектирајќи се во промените во домувањето, финансиската стабилност и задоволувањето на нивните основни и дополнителни потреби. Анализата покажува дека по разводот, повеќе жени се соочуваат со намалени приходи и зголемени финансиски предизвици за обезбедување на потребите на децата. Ова особено се забележува во домените на домувањето, рекреативните и едукативните активности, како и пристапот до здравствена заштита. Намалената финансиска сигурност влијае на способноста на мајките да ги задоволат сите аспекти од животот на децата, што доведува до зголемен број на незадоволени потреби во повеќе категории.

Пред разводот, 50% од жените изјавиле дека сите потреби на нивните деца се задоволени, додека другата половина пријавиле барем една незадоволена потреба. По разводот, оваа состојба значително се влошува – само 30% изјавуваат дека сите потреби се задоволени, додека 70% пријавуваат барем една незадоволена потреба.

Најголема разлика се забележува кај трошоците за:

- Едукација, каде бројот на деца со незадоволени потреби се зголемува од 3 → 9;

- Рекреативни активности, од 3 → 9 деца;
- Здравствена заштита кај хронично болни деца, од 1 → 4;
- Останати потреби (облека, училишни материјали и слично), од 13 → 21 дете.

Овие податоци покажуваат дека финансиските ограничувања по разводот директно влијаат врз можноста за вложување во образованието, рекреацијата и здравјето на децата. Воедно, поради финансиска немоќ, мајките често мораат да ги приоретизираат основните потреби (како храна и домување), на сметка на други важни аспекти за целокупниот развој на децата. Потребата од поддршка, како и од редовна и доволна издршка, е суштинска за спречување на долгорочна детска сиромаштија и социјална исклученост.

***Потреби на децата – пред и по развод***

***Задоволени потреби (вкупно):***

- Пред развод: 50% деца без незадоволени потреби
- По развод: само 30% деца без незадоволени потреби

***Незадоволени потреби – зголемување по развод:***

- Едукација: од 3 → 9 деца (+200%)
- Рекреација: од 3 → 9 деца (+200%)
- Здравствена заштита: од 1 → 4 деца (+300%)
- Останати потреби: од 13 → 21 дете (+61%)

***Просечни трошоци по дете по развод***

- Едукација: 1.483 денари
- Рекреација: 1.020 денари
- Здравство (хронични случаи): до 1.731 денари
- Останати трошоци: над 2.000 денари

– Поголем број на деца остануваат без редовни активности, училишни потреби или здравствени услуги

## ПРЕПОРАКИ

- **За редовно задоволување на потребите на децата**, потребно е обезбедување на доволна и навремена издршка од страна на поранешниот партнер, земајќи ја предвид реалната економска состојба и сите (вклучително и неформални) приходи.
- **За заштита на правото на образование, здравје и рекреација**, неопходно е развивање на програми за финансиска и и друг вид на поддршка (школски материјали, спортски и рекреативни активности, ваучери за приватни здравствени услуги) за децата чии родители се разведени, со приоритет на самохрани мајки со ниски приходи.
- **За подобро адресирање на детската сиромаштија**, потребно е воспоставување на механизми за проценка и директна поддршка на деца со незадоволени основни и дополнителни потреби преку образовни, здравствени и социјални институции, со обврска за координирано дејствување.

## 2.4 ДОСУДЕНАТА ИЗДРШКА НЕ ГИ ЗАДОВОЛУВА ПОТРЕБИТЕ НА ДЕЦАТА ПО РАЗВОДОТ ИЛИ РАЗДЕЛБАТА

Иако судски е определена како обврска, издршката најчесто не ги задоволува реалните трошоци за децата, не се исплаќа навремено и во најголем број случаи не се исплаќа воопшто. Жените често се оставени сами да ги покриваат сите трошоци за децата, во ситуации кога самите немаат доволно финансиски средства или поддршка од државата. Притоа, податоците покажуваат низа системски слабости кои почнуваат од моментот на разделбата, преку судската постапка, па сè до (не)исплатата на определената издршка.

Жените најчесто барале издршка за едно (14 од 30) или две деца (10 од 30), додека шест жени воделе постапка за три деца. Возраста на децата покажува дека најголем дел се на возраст од 10 до 14 години, фаза во која значајно се зголемуваат трошоците за училиште, облека и секојдневна грижа. Сепак, дури 5 од 6 жени со три деца не добиваат додаток од државата, што укажува на сериозни празнини во државната поддршка.

Дополнително, судиите најчесто не ја досудуваат издршката од денот на разделбата (туку од датумот на тужбата или пресудата), што значи дека жените сами ги покриваат сите трошоци со месеци просечно 292 дена, а во секој трет случај над една година. Само кај 2 од 5 жени кои побарале издршка од денот на разделбата, судот го уважил барањето. Тоа резултира со дупка во заштитата на децата и дополнителен финансиски товар за жените.

Во половина од случаите, издршката е досудена во висина еднаква на барањето (најчесто меѓу 2.000 и 7.000 денари по дете), но во другата половина, таа е намалена, во просек за 28%. Намалувањето не е засновано на конкретни критериуми како број на деца или возраст, туку често произлегува од дискреционо постапување на судот, што резултира со определување на издршка која не е во согласност со потребите на децата.

Незадоволството на жените од судската одлука за издршка ги потврдува ваквите наоди (само 20% од жените се задоволни од досудената издршка). Сепак мал дел од жените повеле постапка за промена на судската одлука (9 од 30 жени), односно зголемување на висината на издршката поради зголемени животни трошоци, образовни или здравствени потреби. Зголемувањата што ги бараат се значајни (од 75% до 250%), што укажува дека првичната издршка е далеку под реалните трошоци. Причините зошто другите жени не поднеле барање за измена се длабоко вкоренети: една третина од жените навеле страв од поранешниот партнер (11 од 30), а останатите финансиски ограничувања, административни пречки или емоционални бариери.

Дури 73% од жените не добиваат издршка редовно, а 36% воопшто не добиваат издршка. Само 8 жени (26,7%) ја добиваат издршката навремено и во целост. Другите добиваат доцна, во намален износ или воопшто не добиваат. Кај некои жени задоцнувањето е од 6 месеци до една година. Во вакви околности, жените не само што се лишени од финансиска поддршка, туку се и препуштени на неефикасни механизми за наплата, без државна помош или авансна интервенција.

Дополнително, дури и кога ќе се започне постапка за присилна наплата, резултатите се слаби: од 11 жени, само кај 4 има делумен успех, а кај останатите или нема наплата или постапката е во тек.

***Клучни податоци:***

- Само 20% од жените се задоволни од досудената издршка.
- Просечно времетраење до прва исплата: 292 дена, кај 40% над 2 години.
- Во 73% од случаите, издршката не се исплаќа навремено или во целост.
- Во 36%, издршката воопшто не се исплаќа.
- Половина од жените кои имаат право, не поднеле барање за присилна наплата – најчесто поради страв од насилникот или административни бариери.

## ПРЕПОРАКИ

- **За да се овозможи навремена поддршка на децата**, неопходно е да се измени судската практика и издршката редовно да се досудува од денот на разделбата, кога реално започнуваат трошоците.
- **Потребно е воспоставување на државен фонд за авансна исплата на издршката**, кој ќе обезбеди средства до почеток на реалната исплата.
- **Да се воспостави ефикасен и автоматизиран механизам за наплата**, кој нема да зависи од иницијатива на жените и ќе овозможи директно одбивање од плата или банкарска сметка на обврзникот.
- **Да се обезбедат бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка** за жените кои сакаат да поднесат барање за зголемување на издршката.
- **Да се спроведат обуки за судиите и практичарите од ЦСР** за реалните трошоци за живот и потребите на децата, заради доследно утврдување на соодветна издршка.

# 3. СТУДИИ НА СЛУЧАЈ

## 3.1 СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ 1
## Кога правдата доцни: Ограничена заштита и недоволна издршка

Д.К. е мајка на три малолетни деца која, поради години на континуирано психичко и економско насилство, го напушта брачниот дом и самостојно поднесува тужба за развод и издршка. И покрај тоа што таткото имал стабилни и дополнителни приходи, судот му определува симболична издршка од 6.000 денари за сите три деца заедно. Дополнително, тој подолг период избегнува исплата, што резултира со долг и кривична постапка. Стравот, финансиската немоќ и недовербата во институциите го пролонгираат пристапот на Д.К. до правна заштита. Дури по неколку години и по кривична осуда, доаѓа до делумна наплата и зголемување на издршката. Иако денес исплатите се редовни, износот е сè уште недоволен да ги задоволи основните и образовни потреби на децата, при што мајката продолжува да ја носи целата товар на родителската и финансиска одговорност.

**Основни информации:**

Д.К. и поранешниот сопруг се на иста возраст, од иста националност и со завршено средно образование. И двајцата биле вработени, но со различни приходи. Д.К. остварувала минимална плата, додека поранешниот сопруг имал повисоки примања и дополнителна работа. Живееле во домот на неговите родители и немале личен имот.

**Насилство и иницирање на развод:**

Во последните седум години од бракот, Д.К. била изложена на континуирано психичко и економско насилство, проследено со закани за физичко насилство. Во септември 2015 година, таа заедно со трите малолетни деца го напуштила домот и се преселила кај нејзината мајка. Семејното насилство не било пријавено во ниту една институција. Поради финансиска неможност да ангажира адвокат, Д.К. сама ја водела бракоразводната постапка (февруари 2016), додека поранешниот сопруг имал адвокат.

**Досудена издршка под реалните потреби:**

Во текот на постапката, врз основа на спогодба постигната под притисок, судот го задолжил таткото да плаќа 6.000 денари месечно за сите три деца (во тој период на возраст од 14 и 10 години) започнувајќи од денот на поднесувањето на тужбата, иако ДК првично побарала двојно повисока издршка од 12.000 денари базирајќи се на реалните потреби на децата.

Од висината на досудената издршка, Д.К. не била задоволна бидејќи судот воопшто не ги земал во предвид околностите (притисоците и заканите врз ДК) при постигнувањето на спогодбата за двојно пониска висина на издршката од претходно побараната, ниту пак ги земал во предвид релевантните фактори како што се реалните и растечките трошоци за децата, дополнителните (неформални) приходи на таткото кој не бил обврзан да плаќа од фактичката разделба туку од

поднесената тужба, оставајќи непокриен период од неколку месеци за кои не е обезбедено покритие на трошоците.

По разводот, ДК пет години сама ги издржувала децата со минимална плата, што било недоволно за покривање на основните трошоци а единствена поддршка добивала од нејзината мајка.

**Нередовна исплата и избегнување на обврски:**

Таткото ја исплаќал издршката само во првите два месеци, по што во период од 3 години и 3 месеци целосно престанал со плаќање, акумулирајќи долг од 138.000 денари. И покрај неколку обиди на мајката да го потсети на обврската, тој не покажал волја да плаќа сѐ до покренување на кривична постапка. Во меѓувреме, доброволно ја напуштил формалната работа, продолжил да работи во неформалната економија и ги повлекол средствата од банкарските сметки, избегнувајќи наплата преку извршител.

**Страв и ограничен пристап до правна заштита:**

Иако постоеле законски механизми за присилна наплата, Д.К. првично не ги користела поради страв од поранешниот сопруг (поранешен сторител на насилство), финансиска немоќ и ограничено познавање на постапките. Ова ја довело до дополнителна ранливост и неможност да ги заштити правата на децата.

**Правни дејствија и резултат:**

По повеќегодишен период без исплата, по поднесена кривична пријава од страна на ДК во 2020 година, поранешниот сопруг бил осуден за три кривични дела согласно чл. 202 ст. 1 од Кривичниот законик за неплаќање издршка. Му била изречена условна затворска казна од 5 месеци. Поради повторно нередовно плаќање, Д.К. во 2021 година иницирала постапка за отповикување на условната осуда. Стравувајќи од затвор, тој го исплатил целиот долг и продолжил со редовна исплата.

**Последици врз децата:**

Д.К. пет години самостојно ги издржувала децата со минимална плата и поддршка од нејзината мајка. Во тој период, децата имале ограничен пристап до храна, облека, училишен материјал и немале можности за рекреација или развојни активности. Таа го оценува постапувањето на институциите како мачен, бавен и исцрпувачки процес со трајни последици врз благосостојбата на децата.

**Постапка за зголемување на издршката:**

И покрај редовната исплата од 2021 година, издршката била недоволна да ги покрие трошоците за три деца , па во септември 2021 година, ДК побарала зголемување на издршката од 6.000 на 12.000 денари (по 4.000 за дете). Судот делумно го усвоил барањето, определувајќи 3.000 денари по дете или за трите деца вкупно 9.000 денари месечно. Судот не го прифатил целосно побараното зголемување бидејќи мајката не успеала да докаже неформални примања на таткото од 1.500 евра месечно.

**Недоволна издршка за задоволување на потребите на децата и тековни предизвици:**

И покрај зголемувањето, износот на издршката останува недоволен за трите деца (сега на возраст од 17 и 14 години). Мајката е приморана да обезбедува дополнителни приходи за да ги покрие основните и образовни трошоци и да обезбеди соодветен развој на децата.

| Област | Проблем |
|---|---|
| **Судска заштита** | Издршката е определена под реалните потреби на децата |
| **Социо-економска ранливост** | Мајката преживува со минимална плата и поддршка од нејзината мајка |
| **Извршување** | Таткото избегнува плаќање преку формално невработување и повлекување средства |
| **Пристап до правда** | Страв, финансиска немоќ и непознавање на процедурите го одложуваат пристапот |
| **Институционална реакција** | Касна и нецелосна заштита, спогодба под притисок, без процена на ризик |
| **Последици по децата** | Ограничен пристап до храна, облека, школување и развојни активности |
| **Ажурирање на издршката** | Судот делумно прифаќа зголемување, но без реална проценка на потребите |

**Заклучок**

Случајот на Д.К. јасно го илустрира недостатокот на родово чувствителна проценка и заштита во системот за определување и наплата на издршка во Северна Македонија. Судот не го проценува контекстот во кој настанува спогодбата (насилство, нерамноправни позиции), ниту ги зема предвид реалните трошоци за живот и воспитување на деца. Дури и во случаи кога постои судска пресуда, извршувањето на издршката останува нестабилно, а институциите често не реагираат навремено или соодветно. Иако правниот систем конечно обезбедува делумна правда преку кривична постапка и зголемена издршка, процесот е долг, исцрпувачки и носи трајни последици по децата. Жените како Д.К. остануваат сами во битката за остварување на права кои се законски загарантирани, додека институциите ретко преземаат проактивен пристап во заштитата на нив и нивните деца.

## 3.2 СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ 2
## Кога судот и институциите не штитат: недоволна издршка и ранливост

М.В. е мајка на три деца, која по разводот останува без финансиска поддршка, без вработување и со минимални социјални приходи. Судот првично определува симболична издршка, без проценка на семејното насилство, економската ранливост и реалните потреби на децата. Во обид да добие зголемување на издршката, М.В. повторно се соочува со психичко насилство, институционални пропусти и последици што директно влијаат врз благосостојбата на децата. Случајот го илустрира недостатокот на ефикасна и сензитивна правна заштита за ранливи мајки и го поставува прашањето: кој ги штити децата кога институциите не реагираат навреме?

**Основни информации:**

М.В. и поранешниот сопруг се лица на приближно иста возраст, припадници на истата националност, со завршено средно образование. И двајцата поседуваат личен имот стекнат по основ на наследство. За време на бракот живееле во домот на сопругот со нивните три деца.

М.В. е долготрајно невработена. По разводот егзистира со гарантирана минимална помош и надоместок за туѓа нега, додека поранешниот сопруг има стабилен работен однос и високи приходи. Уште на почетокот на бракот, М.В. била изложена на психичко, економско и сексуално насилство кое никогаш не го пријавила. Во ноември 2020, поради континуирано насилство, го напушта домот со двете малолетни деца. Полнолетниот син останува со таткото.

**Недоволна правна заштита при определување на издршката:**

Во март 2021, судот донесува пресуда за спогодбен развод со која двете малолетни деца (17 и 8 години) се доверени на мајката. Таткото бил обврзан да плаќа само 500 денари месечно по дете. М.В. не била правно информирана, ниту знаела дека има право на бесплатна правна помош. Под влијание на уверувања од поранешниот сопруг дека „ќе помогне дополнително“, била делумно задоволна од одлуката. Потоа, таткото редовно ја исплаќал минималната сума, но одбивал дополнителна помош, што ја довело М.В. до задолжување.

**Страв и последици од користење на правна заштита:**

Во март 2022, М.В. покренала постапка за зголемување на издршката. Во септември 2022 била донесена нова судска одлука, согласно која таткото се задолжува да плаќа 5.000 денари месечно, иако мајката побарала 6.000 денари. По поднесеното барање, таа повторно била изложена на психичко малтретирање и омаловажување. Во мај 2022, таткото покренал постапка за одземање на дете, но по интервенција на институциите, доброволно се откажал.

**Последици по децата:**

Во овој период од две години кога досудената издршка не била доволна за потребите на децата М.В. сама ги издржувала децата. Децата имале ограничен пристап до здрава храна, облека и

школски материјали, биле лишени од рекреативни и развојни активности, а дополнителниот психолошки притисок и чувството на несигурност оставиле трајни последици врз нивната благосостојба. Дополнително, во еден период, таткото намерно уплатува по 8.000 денари месечно, што резултира со укинување на гарантираната минимална помош, чин што претставува форма на економско насилство.

| Област | Проблем |
|---|---|
| **Пристап до правда** | Недоволно информирана, не користела бесплатна помош |
| **Судска постапка** | Првично била определена симболична издршка без реална проценка од страна на судот. Жртвата се согласила со износот поради тоа што поранешниот партнер ветил дека ќе придонесува со повеќе средства од досудените |
| **Плаќање на издршката** | Таткото го исплаќа минималниот износ на досудена издршка, меѓутоа одбива да обезбеди дополнителна поддршка |
| **Институционална реакција** | Доцна интервенција, недоволна поддршка согласно потребата на жената и нејзините деца |
| **Последици по децата** | Ограничен пристап до основни потреби и психолошки последици |

**Заклучок**

Случајот на М.В. открива сериозни пропусти во заштитата на економски ранливите жени и нивните деца по разводот, особено кога е присутна историја на семејно насилство. Наместо соодветна институционална поддршка, М.В. се соочила со судска одлука што не ги одразува реалните трошоци за децата, без правна помош, а понатамошните постапки довеле до психолошки притисок и укинување на социјални права. Иако денес издршката е зголемена, нејзината економска состојба останува нестабилна, а последиците по децата се долгорочни. Случајот јасно укажува на потребата за сензитивна и проактивна заштита на мајките што претрпеле семејно насилство и самостојно се грижат за децата по напуштањето на насилната заедница.



KVINNA
KVINNA